Универзитетски гласник

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ**
*Проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ,*
**ректор**

**Уредник на *Универзитетски гласник***
*М-р Марија Маневска,*
**генерален секретар**

**Лектор**
*Весна Илиевска-Цветановска*

**Техничко уредување**
*Зоран Кордоски*

**Печати**
*ЧОКОЛОГРАФИЈА ДООЕЛ*

**Тираж**
*90*

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРАВИЛНИК**
за внатрешната организација на Архитектонскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ..........3

**ПРАВИЛНИК**
за систематизација на работните места на Универзи-тетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Архитектонски факултет - Скопје (Анекс 1) ..........8

**ОДЛУКА**
за давање согласност ..........37

**Писмена согласност** од Министрство за информатичко општество и администра-ција ..........38

Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014 и 199/2014) и член 56 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Архитектонскиот факултет во состав на Универзи-тетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник на Универзи-тетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 291/2014), Деканатската управа на Факултетот, на седницата одржана на 12.5.2016 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за внатрешната организација на Архитектонскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

## I. Основни одредби

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат видот и бројот на организациските единици, делокругот на работа на организациските единици и начините и формите на раководење со делокругот на работа на Архитектонскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Факултетот), во согласност со Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот.

**Член 2**

Графичкиот приказ на внатрешната организација на Факултетот (органограм) е составен дел на овој Правилник.

## II. Организациски единици

**Член 3**

За остварување на својата високообразовна, научноистражувачка и применувачка, односно апликативна високостручна дејност, Факултетот ги организирал следниве организациски единици:

- Наставно-научни организациски единици;
- Стручна и административна служба.

### А. Наставно-научни организациски единици

**Член 4**

Институтите се основни внатрешни наставно-научни организациони единици на Факултетот.

На Факултетот се организирани пет институти и тоа:

1. Институт за архитектонско проектирање
2. Институт за урбанизам
3. Институт за високоградба
4. Институт за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата
5. Институт за графички комуникации.

Институтите се формирани за определено наставно и научноистражувачко поле за изведување фундаментални, развојни и апликативни истражувања и за изведување наставно-образовна дејност поврзана со соодветното научноистражувачко поле.

Институтот го сочинуваат наставниците и соработниците и асистентите докторанди на Факултетот од наставните предмети на соодветното наставно и научноистражувачко поле.

Во работата на институтот можат да учествуваат и наставниците кои изведуваат настава во соодветно наставно и научноистражувачко поле, а не се во работен однос на Факултетот.

Факултетот може да организира и други внатрешни организациски единици во согласност со законот, Статутот и другите акти на Универзитетот.

### Б. Стручна и административна служба

**Член 5**

Стручните, административните, правните, техничките и општите работи ги врши Стручната и административна служба на Факултетот како дел од интегрираната Стручна и административна служба на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот).

**Член 6**

Во рамките на Стручната и административна служба се организираат следниве организациски единици:

- Одделение за правни и општи работи
- Одделение за студентски прашања
- Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење
- Библиотека (Одделение за библиотечно работење)
- Компјутерски центар

**Член 7**

Во Одделението за правни и општи работи се врши подготвување на материјали за седниците на органите на Факултетот и нивните помошни тела, следење и примена на законите, подзаконските акти и другите прописи, изготвување на правни акти во надлежност на органите на Факултетот, изготвување на сите општи и поединечни акти, управување со човечките ресурси, организирање прием, експедиција и доставување на поштата и архивирање на документите, заштита и одржување на имотот, одржување на хигиената и техничката исправност на инсталациите во деловните простории и дворното место и други правни, општи и технички работи поврзани со делокругот на работа на Одделението.

**Член 8**

Во Одделението за студентски прашања се врши спроведување на постапката за запишување студенти и за формирање, водење и чување на досиејата на студентите, запишување и заверка на семестрите во индексот на студентите на прв циклус студии, формирање и водење на електронските досиеја на студентите на прв циклус студии, водење матични книги на запишани и главни книги на дипломирани студенти, спроведување на правилата за студирање на студиските програми, изготвување потврди, уверенија, дипломи и други исправи на студентите, изготвување статистички извештаи, анализи и прегледи за потребите на Универзитетот, Факултетот и на надлежните државни органи и установи, спроведување на одлуките на органите на Факултетот кои се однесуваат на правилата на студирање, следење на прописите од делокругот на работата и укажување за нивната примена, имплементација на правилата за ЕКТС, спроведување на постапките за мобилност на студентите, остварување соработка со другите факултети во рамките на Универзитетот и со други факултети во врска со примената на ЕКТС, координирање на активностите поврзани со постапката за еквиваленција на предметите на студенти од други факултети и други работи поврзани со делокругот на работа на Одделението.

**Член 9**

Во Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење се вршат работите непосредно поврзани со подготвување, изменување и реализација на буџетот на Факултетот, подготовка, прием и контрола на сметководствената документација, евидентирање на сметководствената документација, следење на приходите и расходите, управување со средствата, благајничко работење, пресметка на плати и други финансиски и сметководствени работи поврзани со делокругот на работа на Одделението.

**Член 10**

Библиотеката на Факултетот учествува и дава свој придонес во креирањето на политиката на библиотечното работење во рамките на интегрираниот библиотечен систем на Универзитетот.

Библиотеката ја собира, ја уредува и ја распоредува научната, студиската и стручната литература и на наставно-научните кадри, на соработниците и на студентите им ги дава информациите и знаењата за студиите и за научната работа, ги образува од гледна точка на употребата на библиотечниот фонд и од гледна точка на барањето информации и изработува библиографија за наставно-научните работници.

**Член 11**

Во Компјутерскиот центар (Одделение за ИКТ) се врши инсталација, одржување (на хардверот и софтверот), развој и администрирање со целокупната компјутерска инфраструктура на Факултетот, функционално се поврзува

компјутерската инфраструктура на Факултетот со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се подготвува компјутерската опрема за изведување вежби, се изготвуваат програми за потребите на службите и за образовниот процес на Факултетот, и се работи според утврдени процедури.

**Начини и форми на раководење на Факултетот**

**Органи на Факултетот**

**Член 12**

Органи на Факултетот се: Наставно-научен совет, декан и Деканатска управа.
Наставно-научниот совет е стручен орган на Факултетот.

Деканот е раководен орган. Деканот го застапува и го претставува Факултетот во земјата и во странство, во согласност со Статутот на Универзитетот и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот.

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот.

**Член 13**

Составот, надлежноста и начинот на работа на Наставно-научниот совет и Деканатската управа се уредуваат со закон, Статутот на Универзитетот и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот.

Постапката за избор, мандатот и надлежноста на деканот се уредуваат со закон, Статутот на Универзитетот и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот.

**Раководење со наставно-научните организациски единици**

**Член 14**

Со институтот раководи раководител, кој по предлог на соодветниот институт се именува и се разрешува од страна на деканот.

Раководителот се именува од редот на наставниците (давателите на јавни услуги).

Раководителот за својата работа одговара пред деканот.

Постапката за именување, мандатот, правата и обврските на раководителите се уредуваат со Статутот на Универзитетот и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот.

**Член 15**

Раководителот на институтот ги има следниве работни задачи и обврски:

1. ја организира и ја води работата на институтот;
2. ги свикува и ги води состаноците на колегиумот на институтот;
3. се грижи за редовното изведување на наставата за студиските програми на сите три циклуси од соодветното наставно-научно поле и за научноистражувачката работа од областа на институтот;
4. ги извршува одлуките на органите на Факултетот, кои се однесуваат на работата на институтот;
5. ги известува органите на Факултетот за работата на институтот;
6. се грижи наставната ангажираност на наставниците и соработниците да биде порамномерно распоредена;
7. ги известува вработените во институтот за работата на Деканатската управа;
8. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

**Раководење со Стручната и административна служба**

**Член 16**

Со Стручната и административна служба на Факултетот раководи секретарот на Факултетот, кој за својата работа е одговорен пред деканот и пред генералниот секретар на Универзитетот.

**Член 17**

Секретарот на Факултетот:

- се грижи за подготвувањето и обработката на материјалите за седниците на органите на Факултетот, како и за подготвувањето на одлуките и општите акти што ги донесуваат овие органи и тела;

- ги следи прописите и им укажува на органите на Факултетот;
- се грижи за уредноста и ажурноста на работата по предметите и подготвувањето на другите материјали и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на Стручната и административна служба;
- го следи извршувањето на одлуките и заклучоците на органите на Факултетот и за тоа го известува деканот;
- се грижи за извршувањето на работите по налог на генералниот секретар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- врши и други работи согласно со Статутот и другите акти на Универзитетот и на Факултетот.

**Член 18**

Со одделението раководи раководител.

Раководителот на одделението:

- ги организира, ги насочува и ги координира работите во одделението.
- раководи со одделението и ги организира, ги насочува и ги координира работите во одделението;
- ги врши најсложените работни задачи и обврски и ги распоредува работните задачи и обврски во одделението;
- врши непосредна контрола и надзор врз спроведувањето на работите и работните задачи;
- изготвува предлог-план за работата на одделението и изготвува извештаи за спроведувањето на програмата за работа на одделението;
- изготвува предлози и дава иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од делокругот на одделението;
- соработува со другите раководни административни службеници од институцијата и со раководни службеници на соодветно ниво од други органи, за прашања од делокругот на одделението.

За својата работа, раководителот на одделението одговара пред секретарот на Факултетот.

**III. Преодни и завршни одредби**

**Член 19**

Поблиски одредби за внатрешната организацијата на Факултетот се утврдуваат со Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот.

**Член 20**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник на Универзитетот.

**Д е к а н**
**Проф.д-р Минас Бакалчев, с.р.**


Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет - Скопје
Наставнонаучен совет
Деканатска управа
Декан
Институти
Институт за архитектонско проектирање
Институт за урбанизам
Институт за високоградба
Институт за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата
Институт за графички комуникации
Стручна и административна служба
Секретар
Одделение за правни и општи работи
Одделение за студентски прашања
Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење
Библиотека (Одделение за библиотечно работење)
Одделение за ИКТ (Компјутерски центар)
Продекан за финансии и финансиски прашања
Продекан за наставно научни и студентски прашања

Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014 и 199/2014), член 9, став 3 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 127/2016**)** и член 56 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Архитектонскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 291/2014), Деканатската управа, на седницата одржана на 12.5.2016 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК
## за систематизација на работните места на Универзи-тетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Архитектонски факултет - Скопје (Анекс 1)

### I. Општи и основни одредби

**Член 1**

Со Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Архитектонски факултет - Скопје (во понатамошниот текст: Правилник) се утврдуваат називот и описот на работните места, односно звања по организациони единици, со шифра, посебните и дополнителните услови потребни за извршување на работните задачи и обврски на одделните работни места и бројот на давателите на јавни услуги, административните службеници и на помошно-техничките лица вработени на Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: Факултетот).

**Член 2**

Правата и одговорностите, работните задачи и обврските на давателите на јавни услуги (наставниците, соработниците и асистентите-докторанди, како и другиот соработнички кадар), на административните службеници и на помошно-техничките лица вработени на Факултетот се утврдени со Законот за високото образование, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, општите прописи за работните односи, Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (во натамошниот текст: Универзитетот), со колективен договор и со овој Правилник.

**Член 3**

Работните задачи и обврски утврдени со овој Правилник се определуваат согласно со нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеност, одговорност и други услови за нивно извршување и претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените на Факултетот по работни места.

**Член 4**

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места по организациони единици е составен дел на овој Правилник.

### II. Распоред и опис на работните места

**Член 5**

Во овој Правилник се утврдени и се опишани вкупно 7 работни места на даватели на јавни услуги, вкупно 16 работни места на административни службеници и вкупно 4 работни места на помошно-технички лица распоредени по организациони единици во согласност со Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот.

### А. Распоред и опис на работните места на давателите на јавни услуги

**Член 6**

Вработените на Факултетот кои вршат работи од дејноста образование и наука имаат статус на даватели на јавни услуги на Факултетот и за нив се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

Статус на даватели на јавни услуги на Факултетот имаат лицата избрани во наставно-научни звања, лицата избрани во соработнички звања и другиот соработнички кадар во високото образование.

Давателите на јавни услуги на Факултетот се распоредени во група III, подгрупа 2 на работни места во јавниот сектор, согласно со класификацијата на работните места во јавниот сектор утврдена со Законот за вработените во јавниот сектор.

За давателите на јавни услуги на Факултетот се утврдуваат следниве категории и нивоа на работни места:

- Категорија А – наставно-научни звања- вкупен број**:** 33
  - ниво А1 - редовен професор, 10
  - ниво А2 - вонреден професор, 12
  - ниво А3 –доцент 6
- Категорија Б – асистент- докторанд: 5
- Категорија В – соработнички звања- вкупен број: 31
  - ниво В1 – асистент 20
  - ниво В2 – помлад асистент 11
- Категорија Г – друг соработнички кадар во високото образование вкупен број: 5
  - Ниво Г- виш лаборант- 5.

**Член 7**

Давателите на јавните услуги на Факултетот треба да ги исполнуваат следниве

општи услови за пополнување на работното место:

- да имаат општа здравствена способност за работното место;
- активно да го користат македонскиот јазик;
- со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Член 8**

Посебни услови за пополнување на работното место утврдени со Законот за високото образование за давателите на јавните услуги на Факултетот од категоријата А се:

а) **Стручни квалификации:**
- ниво на квалификации VIII според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 480 кредити според ЕКТС или завршен VIII степен

б) **Работно искуство:** во зависност од наставно-научното звање во кое се избира при што нема законски услов колку треба да има работно искуство.

**Член 9**

Посебни услови за пополнување на работното место утврдени со Законот за високото образование за давателите на јавните услуги на Факултетот од категоријата В се:

а) **Стручни квалификации:**
- ниво на квалификации VII според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/2 степен

б) **Работно искуство:**
- за асистент – 3 години работно искуство, доколку претходно не бил избран во звањето помлад асистент;
- за помлад асистент – со или без работно искуство;
- за асистент – докторанд – со или без работно искуство.

**Член 10**

Посебни услови за пополнување на работното место утврдени со Законот за високото образование за давателите на јавните услуги на Факултетот од категоријата Г се:

а) **Стручни квалификации:**
- за нивото Г- ниво на квалификации VI според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и ниво VIA според Македонската рамка на квалификации;

б) Работно искуство: со или без работно искуство.

**Член 11**

Дополнителните услови за пополнување на работното место за

давателите на јавните услуги на Факултетот се утврдени со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Дополнителните услови за пополнување на работното место за давателите на јавните услуги на Факултетот се наведени во Табеларниот преглед (работната карта) на работните места).

**Б. Распоред и опис на работните места на административните службеници**

**Член 12**

Вработените на Факултетот кои вршат работи од административна природа заради остварување на дејноста високо образование имаат статус на административни службеници на Факултетот и за нив се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници и општите прописи за работни односи.

Вработените на Факултетот кои вршат работи од административна природа заради остварување на дејноста високо образование се распоредени во група I, подгрупа 2 на работни места во јавниот сектор, согласно со квалификацијата на работните места во јавниот сектор утврдена со Законот за вработените во јавниот сектор.

За административните службеници на Факултетот се утврдуваат следниве категории и нивоа на работни места:

Категорија А
- ниво А2 – вкупен број: 1

Категорија Б
- ниво Б4 – вкупен број: 5

Категорија В
- ниво В1 – вкупен број: 7

Категорија Г
- ниво Г1 – вкупен број: 3

**Член 13**

Административните службеници на Факултетот треба да ги исполнуваат следниве општи услови за пополнување на работното место, согласно со Законот за административните службеници:
- да се државјани на Република Македонија;
- активно да го користат македонскиот јазик;
- да се полнолетни;
- да имаат општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Член 14**

Административните службеници од категоријата А на Факултетот треба да ги исполнуваат следниве посебни услови за пополнување на работното место, согласно со Законот за административните службеници:

**а) Стручни квалификации:**
- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен.

**б) Работно искуство:**
- најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

**в) Посебни работни компетенции:**
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 – 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или Аптис, или ТЕОФЕЛ ПБТ со најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ со најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ со најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете-сертификат;

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Член 15**

Раководните административни службеници од категоријата Б на Факултетот треба да ги исполнуваат следниве посебни услови за пополнување на работното место, согласно со Законот за административни службеници:

а) **Стручни квалификации:**

- за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршени VII/1 степен.

б) **Работно искуство:**

- за нивото Б1, најмалу шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор;
- за ниво Б2, најмалку пет години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор;
- за ниво Б3 и Б4, најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуств9о во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

в) **Општи работни компетенции (средно ниво):**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни;
- финансиско управување.

г) **Посебни работни компетенции:**

- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа:
- за нивото Б1 и Б2, преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5 – 6 поени,ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или аптис, или ТЕОФЕЛ ПБТ со најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ со најмалку 175 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ со најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете-сертификат, ТестДаФ;
- за нивоата Б3 и Б4, преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 – 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или Аптис, или ТЕОФЕЛ ПБТ со најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ со најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ со најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете-сертификат;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- потврда за положен испит за административно управување.

**Член 16**

Стручно-административните службеници од категоријата В на Факултетот треба да ги исполнуваат следниве посебни услови за пополнување на работното место, согласно со Законот за административните службеници:

а) **Стручни квалификации:**

- за нивото Б1 – ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240

кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- за нивоата В2, В3 и В4 – ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, односно VI степен.

**б) Работно искуство:**
- за нивото В1, најмалку три години работно искуство во струката;
- за нивото В2, најмалку две години работно искуство во струката;
- за нивото В3, најмалку една година работно искуство во струката;
- за нивото В4, со или без работно искуство во струката.

**в) Општи работни компетенции (средно ниво)**
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни;
- финансиско управување.

**г) Посебни работни компетенции за сите нивоа:**
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС максимум 3 поени, БУЛАТС, или Аптис, или ТЕОФЕЛ ПБТ со најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ со најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ со најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете-сертификат;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Член 17**

Помошно-стручно административните службеници од категоријата Г на Факултетот треба да ги исполнуваат следниве посебни услови за пополнување на работното место, согласно со Законот за административните службеници:

**а) Стручни квалификации:**
- за сите нивоа стручни квалификации VA или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.

**б) Работно искуство:**
- за нивото Г1, најмалку три години работно искуство во струката;
- за нивото Г2, најмалку две години работно искуство во струката;
- за нивото Г3, најмалку една година работно искуство во струката;
- за нивото Г4, со или без работно искуство во струката.

**в) Општи работни компетенции (почетно ниво)**
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни;
- финансиско управување.

**г) Посебни работни компетенции за сите нивоа:**
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТЕОФЕЛ ПБТ со најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ со најмалку 35 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ со најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете-сертификат;

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

**Член 18**

Дополнителните услови за пополнување на работното место за административните службеници на Факултетот се наведени во Табеларниот преглед (работната карта) на работните места.

**В. Распоред и опис на работните места на помошно-техничките лица**

**Член 19**

Вработените на Факултетот кои вршат помошно-технички работи имаат статус на помошно-технички лица и за нив се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Законот за работените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

Вработените на Факултетот кои вршат помошно-технички работи се распоредени во група IV, подгрупи 1, 2, 3, 4 и 5 на работни места во јавниот сектор, согласно со класификацијата на работните места во јавниот сектор утврдена со Законот за вработените во јавниот сектор.

За помошно-техничките лица на Факултетот се утврдуваат следниве категории и нивоа на работни места:

Категорија А
Ниво А1

Подгрупа 1, одржување на објекти и опрема (хигиеничари), вкупен број: 8.
Подгрупа 1, одржување на објекти и опрема (економ-домаќин), вкупен број: 1.
Подгрупа 2, обезбедување на објекти и опрема( чувар), вкупен број: 1.
Подгрупа 5, други помошно-технички лица ( курир), вкупен број: 1.

**Член 20**

Помошно-техничките лица на Факултетот треба да ги исполнуваат следниве посебни услови за пополнување на работното место:

**а) Стручни квалификации:**
- средно/ основно образование.

**б) Работно искуство**
- со или без работно искуство.

**Член 21**

Дополнителните услови за пополнување на работното место за помошно-техничките лица на Факултетот се наведени во Табеларниот преглед (работната карта) на работните места.

**III. Преодни и завршни одредби**

**Член 22**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Одлуката за организација и систематизација на Архитектонскиот факултет (Универзитетски гласник бр. 209 од 12.3.2012 година).

**Член 23**

Административниот службеник кој засновал работен однос на Факултетот до денот на започнувањето на примената на Законот за административни службеници, треба да ги исполни посебните услови за пополнување на работното место утврдени со членовите 13, 14, 15, 16 и 17 од овој Правилник во рокови утврдени со Законот за административни службеници.

**Член 24**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето *во Универзитетски гласник*, а ќе се објави по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Минас Бакалчев, с.р.**

| Ред. бр. | ДАВАТЕЛИ НА ЈАВНИ УСЛУГИ |
|---|---|
| 1 | **Редовен професор** |
| 2 | **Вонреден професор** |
| 3 | **Доцент** |
| 4 | **Асистент** |
| 5 | **Помлад асистент** |
| 6 | **Асистент- докторанд** |
| 7 | **Виш лаборант** |

**Опис на работните места**

| | |
|---|---|
| **Реден број:** | 1 |
| **Шифра:** | ОБН 03 02 АО1 оо1 |
| **Назив и/или звање на работното место:** | **редовен професор** |
| **Посебни услови:** | Потребни стручни квалификации:<br>- ниво на квалификации VIII според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 480 кредити според ЕКТС или завршен VIII степен. |
| **Дополнителни услови:** | исполнување на критериумите за избор во наставно-научни звања утврдени во закон, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и другите прописи и акти од областа на високото образование. |
| **Опис на работата на работното место:** | |
| Работни цели: | остварување високообразовна, научна и апликативна дејност |
| Работни задачи и обврски: | - подготвување, организирање и одржување настава, како и учествување во други облици на наставна работа утврдена со студиските програми;<br>- изведување приемни испити, организирање континуирана и завршна проверка на знаења;<br>- вршење консултации на студенти и водење менторство на студенти;<br>- учество во реализација на курсеви, семинари и други форми на дообразување, постојано научно, стручно и уметнички усовршување;<br>- водење и учество во научноистражувачки проекти, при што настојува да обезбеди научен подмладок, учество во реализација на курсеви, семинари и други форми на дообразување;<br>- презентирање резултати од научноистражувачката работа на конференции, симпозиуми, конгреси, семинари и сл.;<br>- објавување научно-стручни трудови, изготвување учебници, учебни помагала и друг вид литература;<br>- вршење стручно-апликативна дејност;<br>- учество во работата на органите, комисиите и другите работни тела на Факултетот;<br>- вршење други педагошки обврски и работи утврдени со закон, колективен договор или со акт на Универзитетот и Факултетот. |
| Одговара пред: | деканот и раководителот на институтот. |

| Реден број: | 2 |
|---|---|
| **Шифра:** | ОБН 03 02 АО2 оо1 |
| **Назив и/или звање на работното место:** | **вонреден професор** |
| **Посебни услови:** | Потребни стручни квалификации:<br>- ниво на квалификации VIII според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 480 кредити според ЕКТС или завршен VIII степен. |
| **Дополнителни услови:** | исполнување на критериумите за избор во наставно-научни звања утврдени во закон, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и другите прописи и акти од областа на високото образование. |
| **Опис на работата на работното место:** | |
| Работни цели: | остварување високообразовна, научна и апликативна дејност. |
| Работни задачи и обврски: | - подготвување, организирање и одржување настава, како и учествување во други облици на наставна работа утврдена со студиските програми;<br>- изведување приемни испити, организирање континуирана и завршна проверка на знаења;<br>- вршење консултации на студенти и водење менторство на студенти;<br>- учество во реализација на курсеви, семинари и други форми на дообразување, постојано научно, стручно и уметнички усовршување;<br>- водење и учествување во научноистражувачки проекти, при што настојува да обезбеди научен подмладок;<br>- презентирање резултати од научноистражувачката работа на конференции, симпозиуми, конгреси, семинари и сл.;<br>- објавување научно-стручни трудови, изготвување учебници, учебни помагала и друг вид литература;<br>- вршење стручно-апликативна дејност;<br>- учество во работата на органите, комисиите и другите работни тела на Факултетот;<br>- вршење други педагошки обврски и работи утврдени со закон, колективен договор или со акт на Универзитетот и Факултетот. |
| Одговара пред: | деканот и раководителот на институтот. |

| Реден број: | 3 |
|---|---|
| **Шифра:** | ОБН 03 03 АО2 оо1 |
| **Назив и/или звање на работното место:** | **доцент** |
| **Посебни услови:** | Потребни стручни квалификации:<br>- ниво на квалификации VIII според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 480 кредити според ЕКТС или завршен VIII степен |
| **Дополнителни услови:** | исполнување на критериумите за избор во наставно-научни звања утврдени во закон, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и другите прописи и акти од областа на високото образование. |

.

| | |
|---|---|
| **Опис на работата на работното место:** | |
| Работни цели: | остварување високообразовна, научна, уметничка и апликативна дејност. |
| Работни задачи и обврски: | - подготвување, организирање и одржување настава;<br>- учество во други облици на наставна работа утврдена со студиските програми;<br>- изведување приемни испити, организирање континуирана и завршна проверка на знаења;<br>- вршење консултации на студенти и водење менторство на студенти;<br>- учество во реализација на курсеви, семинари и други форми на дообразување, објавување научно-стручни трудови и изготвување учебници, учебни помагала и друг вид литература;<br>- постојано научно, стручно и уметничко усовршување, презентирање резултати од научноистражувачката работа на конференции, симпозиуми, конгреси, семинари и сл.;<br>- водење и учествување во научноистражувачки проекти, при што настојува да обезбеди научен подмладок;<br>- вршење стручно-апликативна дејност;<br>- учество во работата на органите, комисиите и другите работни тела на Факултетот;<br>- вршење други педагошки обврски и работи утврдени со закон, колективен договор или со акт на Универзитетот и Факултетот. |
| Одговара пред: | деканот и раководителот на институтот. |

| | |
|---|---|
| **Реден број:** | 4 |
| **Шифра:** | ОБН 03 02 ВО1 оо1 |
| **Назив и/или звање на работното место:** | **асистент** |
| **Посебни услови:** | Потребни стручни квалификации:<br>- ниво на квалификации VII според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/2 степен. |
| **Дополнителни услови:** | исполнување на критериумите за избор во соработнички звања утврдени во закон, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и другите прописи и акти од областа на високото образование. |
| **Опис на работата на работното место:** | |
| Работни цели: | остварување високообразовна, научна и апликативна дејност |
| Работни задачи и обврски: | - подготвување и изведување на аудиториски и лабораториски вежби;<br>- учествување во изведувањето приемни испити, континуирана и завршна проверка на знаења;<br>- вршење консултации на студенти;<br>- постојано научно,стручно и педагошко усовршување;<br>- учество во научноистражувачки проекти;<br>- презентирање резултати од научноистражувачката работа на конференции, симпозиуми, конгреси, семинари и сл. ;<br>- објавување научно-стручни трудови;<br>- соработка со стопанството, самостојно или во рамките на работна група;<br>- учество во работата на органите, комисиите и другите работни тела на Факултетот;<br>- вршење други педагошки обврски и работи утврдени со закон, колективен договор или со акт на Универзитетот и Факултетот. |
| Одговара пред: | деканот и раководителот на институтот. |

| | |
|---|---|
| **Реден број:** | 5 |
| **Шифра:** | ОБН 03 02 ВО2 оо1 |
| **Назив и/или звање на работното место:** | **помлад асистент** |
| **Посебни услови:** | Потребни стручни квалификации:<br>- ниво на квалификации VII според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/2 степен |
| **Дополнителни услови:** | Исполнување на критериумите за избор во соработнички звања утврдени во закон, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и другите прописи и акти од областа на високото образование. |
| **Опис на работата на работното место:** | |
| Работни цели: | остварување високообразовна, научна и апликативна дејност. |
| Работни задачи и обврски: | - подготвување и изведување на аудиториски и лабораториски вежби;<br>- учество во изведувањето приемни испити, континуирана и завршна проверка на знаења;<br>- вршење консултации на студенти;<br>- постојано научностручно и педагошко усовршување;<br>- учествување во научноистражувачки проекти;<br>- презентирање резултати од научноистражувачката работа на конференции, симпозиуми, конгреси, семинари и сл.;<br>- објавување научно-стручни трудови;<br>- соработка со стопанството, самостојно или во рамките на работна група;<br>- учество во работата на органите, комисиите и другите работни тела на Факултетот;<br>- вршење други педагошки обврски и работи утврдени со закон, колективен договор или со акт на Универзитетот и Факултетот. |
| Одговара пред: | деканот и раководителот на институтот. |

| | |
|---|---|
| **Реден број:** | 6 |
| **Шифра:** | ОБН 03 02 БО5 001 |
| **Назив и/или звање на работното место:** | **асистент-докторанд** |
| **Посебни услови:** | Потребни стручни квалификации:<br>- ниво на квалификации VII според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/2 степен |
| **Дополнителни услови:** | исполнување на критериумите за избор утврдени во Законот за високото образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и другите прописи и акти од областа на високото образование. |
| **Опис на работата на работното место:** | |
| Работни цели: | Остварување високообразовна, научна и апликативна дејност. |
| Работни задачи и обврски: | - изведување на аудиториски и лабораториски вежби и испити само во присуство на менторот;<br>- учествување во други облици на наставна работа утврдена со студиските програми;<br>- редовно исполнување на обврските од докторските студии;<br>- вршење други педагошки обврски и работи утврдени со закон, колективен договор или со акт на Универзитетот и Факултетот. |
| Одговара пред: | деканот и раководителот на институтот. |

| | |
|---|---|
| **Реден број:** | 7 |
| **Шифра:** | ОБН 03 02 ГО2 002 |
| **Назив и/или зае на работното место:** | **виш лаборант** |
| **Посебни услови:** | Потребни стручни квалификации:<br>- ниво на квалификации VII според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен. |
| **Дополнителни услови:** | |
| **Опис на работата на работното место:** | |
| Работни цели | остварување високообразовна, научна и апликативна дејност |
| Работни задачи и обврски: | - помага и учествува во техничката подготовка на лабораториски вежби во наставата;<br>- учествува во реализација на научноистражувачки и апликативни проекти;<br>- изработува извештаи и други технички работи во врска со лабораториите;<br>- се грижи за тековно одржување на опремата во лабораториите;<br>- води ажурна евиденција на опремата од лабораториите;<br>- се грижи за навремено обезбедување на потребните материјали за лабораториите;<br>- вршење други задачи во функција на поддршка на активностите од делокругот на лабораторијата. |
| Одговара пред: | деканот и раководителот на институтот. |

**СТРУЧНА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА**

**Секретар**

**Одделение за правни и општи работи**

**Библиотека (Одделение за библиотечно работење)**

**Одделение за студентски прашања**

**Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење**

**Компјутерски центар (Одделение за ИКТ)**

.

| Ред. бр. | СТРУЧНА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА |
|---|---|
| | **Секретар** |
| **1** | **Одделение за правни и општи работи** |
| **2** | **Одделение за студентски прашања** |
| **3** | **Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење** |
| **4** | **Библиотека (Одделение за библиотечно работење)** |
| **5** | **Компјутерски центар (Одделение за ИКТ)** |

**Опис на работните места**

| | |
|---|---|
| **Реден број:** | 8 |
| **Каталог бр.** | |
| **Шифра:** | ОБН 01 02 АО2 оо1 |
| **Ниво:** | А2 |
| **Назив и звање на работното место:** | **секретар** |
| **Број на извршители:** | 1 |
| **Посебни услови:** | Потребни стручни квалификации:<br>високо образование, 240 ЕКТС или VII/1 степен<br>Научно поле: правни науки.<br>Потребно работно искуство во струката:<br>- најмалку четири години работно искуство во струката,<br>од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно место во приватен сектор. |
| **Дополнителни услови:** | |
| **Опис на работата на работното место:** | |
| Работни цели: | раководење, обединување и координирање на работите од делокругот на Стручната и административна служба. |
